# Кој си има д'га жена




Кој си има, кој си има, многу д'га жена, хм.
Не му требе, не му требе ластар да си крше, хм.

Кој си има, кој си има, многу куса жена, хм.
Не му требе, не му требе, топка да си кошка, хм.

Кој си има, кој си има, многу бела жена, хм.
Не му требе, не му требе, ламба да си пале, хм.

Кој си има, кој си има, многу црна жена, хм.
Не му требе, не му требе, мацун да си лиже, хм.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968